# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

**Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи тоа содржи важни информации за вас.**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури ако нивните симптоми се исти како Вашите.*

**Упатството содржи:**


1. *Што претставува Тамоксифен Ебеве и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете, пред да го употребите лекот Тамоксифен Ебеве*
3. *Како да го употребувате лекот Тамоксифен Ебеве*
4. *Можни несакани дејста на лекот Тамоксифен Ебеве*
5. *Чување и рок на употреба на лекот Тамоксифен Ебеве*


## TAMOXIFEN EBEWE/ТАМОКСИФЕН ЕБЕВЕ

**TAMOXIFEN**

**таблети**

*Активни супстанции:* тамоксифен
*Помошни состојки:* Лактоза, микрокристална целулоза, пченкарен скроб, колидален силициум диоксид, магнезиум стеарат

**Производител:** EBEWE Pharma Ges. m.b.H. Nfg. KG, A-4866 Unterach, Austria

**Носител на одобрението за промет во Република Македонија:** Лек Скопје Дооел, Перо Наков б.б., Скопје, Р. Македонија.

**СОСТАВ**
1 таблета содржи 10, 20, 30 или 40 mg тамоксифен.

## 1. ШТО Е TAMOXIFEN EBEWE И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Тамоксифен припаѓа на група на лекови ткн. антиестрогени.
Естроген е природна супстанца во Вашето тело позната како сексуален хормон. Тамоксифен делува со блокирање на ефектите на естрогените.
Тамоксифен се користи при карцином на дојки и карцином на ендометриум кај жени. Исто така се користи и како дополнителна терапија кај жени со карцином на дојки со позитивни аксиларни јазли и исто така за третман на метастатски карцином на дојки кај мажи и жени.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ TAMOXIFEN EBEWE

**Не земајте тамоксифен ако:**

- Сте пречувствителни кон тамоксифен.
- Сте имале тромбоза во минатото и докторот не знае што ја предизвикало.
- Некој во Вашата фамилија имал тромбоза со непозната причина.
- Вашиот доктор Ви рекол дека имате заблување во фамилијата кое го зголеува ризикот од тромбози.
- Сте бремени.

Не земајте тамоксифен ако било што од горе наведеното се однесува на Вас. Ако не сте сигурни, позборувајте со Вашиот доктор или фармацевт пред земање на лекот.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Операции**
Ако треба да одите на операција (вклучувајќи планирана операција), кажете му на Вашиот доктор или фармацевт. Тие можат да сугерираат да прекинете да го земате тамоксифен за краток период.

**Земање на други лекови**
Ве молиме кажете му на Вашиот доктор или фармацевт ако земате, или неодамна сте земале било какви лекови, вклучувајќи ги и оние без рецепт или хербални лекови. Ова е поради тоа што тамоксифен може да влијае на тоа како некои лекови делуваат и некои лекови може да имаат ефект врз тамоксифен.
Особено, кажете му на Вашиот доктор или фармацевт ако земате било кој од лековите:
- Лекови како што се варфарин кој се користи за спречување на згрутчување на вачата крв. Овие се познати како антикоагуланси.
- Рифампицин кој се користи при туберкулоза.
- Анастрозол кој се користи за третман на карцином на дојки.

**Бременост и доење**
- Не земајте тамоксифен ако сте бремени. Ова е затоа што може да влијае врз Вашето неродено дете.
- не забременувајте додека земате тамоксифен. Прашајте го Вашиот доктор за совет од тоа кој контрацептив да го користите - тамоксифен влијае на тоа како делуваат некои контрацептиви.
- Ако земате тамоксифен и мислите дека сте бремени, кажете му веднаш на вашиот доктор.
- Зборувајте со Вашиот доктор пред земањето на тамоксифен а доите.

**Возење и ракување со машини**
Тамоксифен не влијае врз способноста за управување на возила или ракување со машини.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ЛЕКОТ ТАМОКСИФЕН ЕБЕВЕ

Секогаш земајте тамоксифен како што Ви рекол докторот. Треба да проверите со Вашиот доктор или фармацевт ако не сте сигурни.

**Карцином на дојки**
Вообичаената доза за карцином на дојки е 1 таблета од 20 mg на ден.

**Ако сте земале повеќе таблети отколку е потребно**
Ако сте земале повеќе таблети отколку сте требале, кажете му ВЕДНАШ на Вашиот доктор или фармацевт.

**Ак осте заборавиле да земете тамоксифен**
Ако сте заборавиле да земете доза, земете ја што е можно побргу. Меѓутоа, ако е време да се земе наредната доза, не ја земајте промашената доза.
Не земајте двојна доза (две дози во исто време) за да ја надоместите заборавената доза.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите лекови и тамоксифен може да предизвика несаканите дејства, иако не сите пациенти ги добиваат.
**Прекинете да земате тамоксифен и кажете му на Вашиот доктор веднаш ако забележите било кое од несаканите дејства:**
- симптоми на тромбоза. Овие вклучуваат отекување на дел од ногата, болка во градите, недостиг од воздух и изненадна слабост.
- изненадна појава на слабост или парализа на рацете или нозете, изненадна потешкотија во говорот, одот, потешкотија во држење на работи или потешкотија во размислувањето, што може да се резултат од намален прилив на крв во Вашиот мозок. Ова се знаци на мозочен удар.
- потешкотија во дишењето.
- отекување на лицето, усните, јазикот или грлото.
- отекување на рацете, стопалата или зглобовите.
- игличест исип (уртикарија).

**Кажете му Веднаш на Вашиот доктор ако забележите било што од следново:**
- невообичаено крварење од вагината.
- нерегуларни периоди.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ

- вагинално празнење.
- чувство на нелагодност во карлицата како што е болка или притисок.

Овие ефекти можат да значат дека има промени во ендометриумот. Понекогаш овие ефекти се сериозни и можат да вклучуваат и карцином. Ова може да се случи во тек или по третман со тамоксифен.

**Други можни несакани ефекти:**
**Стомак и жолчка:** болка во стомакот или жолчката
**Нервен систем:** главоболка
**Репродуктивен систем:** менструални пореметувања, чешање на гениталиите, крварење или празнење од вагината, оваријални цисти, фиброиди на утерусот
**Кожа и коса:** напливи на топло, кожни исипи, чешање или лупење на кожата, истенчување на косата
**Мускулоскелетен систем:** грчеви во нозете
**Бели дробови:** инфламација на белите дробови. Симптомите можат да бидат како пневмонија.
**Очи:** промени во видот и потешкотија во гледањето. Ова може да е предизвикано од катаракта или промени на корнеата или ретината од Вашето око. Заболувањето на оптичкиот нерв е забележано во мал број на случаи.
**Крв:** полесно добивање на модринки.
**Хепар:** проблеми со хепарот, како што е иктерус. Ова предизвикува пожолтување на кожата и белките на очното јаболко.
**Други:** задршка на течности.

## 5. КАКО ДА СЕ ЧУВА ТАМОКСИФЕН ЕБЕВЕ

Да се не чува над 25°C.
*ЛЕКОТ ДА СЕ ЧУВА НА МЕСТА НЕДОСТАПНИ ЗА ДЕЦА!*

**ДАТУМ НА ПРВАТА И НА ПОСЛЕДНАТА КОРЕКЦИЈА НА УПАТСТВОТО**
Април, 2011 година.

Република Македонија Министерство за здравство Скопје